Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-1049/1
22-09-2025 20___ год. viti
Скопје · Shkup

Врз основа на член 10 став (1) алинеја 7 од Законот за Педагошка служба („Службен весник на Република Македонија" бр.18/2011, 41/2014, 55/2016 и 64/2018) и член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), директорот на Педагошката служба, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1.СЕ ЗАПИРА** постапката за издавање на учебници за VIII одделение во деветгодишно основно образование по Конкурсот за издавање на учебници во деветодишно основно образование бр.26-592/1 од 09.04.2024 година, за наставните предмети за кои е предвиден учебник за VIII одделение во деветгодишно основно образование.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

3. Решението да се објави на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

***О б р а з л о ж е н и е***

Министерството за образование и наука – Педагошка служба на ден 09.04.2024 година објави Конкурс за издавање на учебници во деветгодишно основно образование бр.26-592/1 од 09.04.2024 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука – Педагошка служба и во дневните јавни гласила „Слободен печат" и „Коха" на ден 09.04.2024 година, за наставните предмети за кои е предвиден учебник за VIII одделение во деветгодишно основно образование.

Според Заклучокот број 41-5757/2 на Владата на Република Северна Македонија, донесен на седницата одржана на 05.07.2024 година, следат изменувања и дополнувања на Концепцијата за основно образование.

Согласно член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.54/2015), кога постапката е поведена по службена должност, јавниот орган може да ја запре постапката. Ако постапката во истата работа можела да биде поведена и побарање од странката, постапката ќе продолжи ако странката го бара тоа. Со оглед на фактот што постапката за издавање на учебници за VIII одделение во деветгодишно основно образование започнува само по службена должност, со објавување на конкурс, а не може да биде поведена по барање на било кој друг во својство на странка, јавниот орган што ја повел може да ја запре во секој момент, без за тоа да треба да наведува било какво посебно образложение. Со запирање на постапката престануваат и се неважечки сите претходно преземени дејствија, со тоа што јавниот орган го задржува правото, согласно со посебниот закон од кој ја добива надлежноста да започне нова таква постапка по службена должност.

Имајќи го предвид сето горенаведено, а со оглед на тоа дека постапката по Конкурсот за издавање на учебници во деветгодишно основно образование бр.26 -592/1 од 09.04.2024 година се уште не е завршена, Министерството за образование – Педагошка служба одлучи дека е најцелисходно постапката да биде запрена, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на неговото објавување на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров

Изготвил: Виолета Костовска
Проверил: Милка Масникоса
Одобрил: Андреа Јанковски